До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење со кое се бара мислење во однос на тоа, дали член на Управен одбор на Агенцијата за филм може да продолжи со реализација на два проекти со сопствена филмска продукција, одобрени од страна на Агенцијата за филм, со оглед на тоа што истиот ја извршува функцијата член на Управниот одбор на таа агенција.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издава следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“

Имено, поимот службено лице се користи во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во одредбите кои се однесуваат на спречување судир на интереси, како и одредбите кои предвидуваат забрани/ограничувања при спречување на корупцијата во вршењето на јавните овластувања.

Член на Управниот одбор на Агенцијата за филм, именуван од страна на Владата на Република Северна Македонија, е именувано лице, односно претставува службено лице согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот.

Членот 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја регулира забраната за користење на заеми и други видови поддршка од државата и тоа:

*„**Правно лице чиј основач или сопственик** било или **е** избрано или **именувано лице** или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции **не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата** или од единица на локалната самоуправа.“*

Во член 32 од Законот за филмската дејност е пропишано, меѓу другите и за членовите на Управниот одбор како би се довеле до состојба на судир на интереси, цитиран подолу:

Судир на интереси
Член 32

*„(1) Директорот на Агенцијата, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во Агенцијата не може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата.*
*(2) Директорот на Агенцијата, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во Агенцијата се должни да дадат писмена изјава со која под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавуваат дека немаат судир на интереси со поднесените барања.*
*(3) Во случај на постоење судир на интереси се применува Законот за спречување на судир на интереси.“*

Во врска со проектот, во која како режисер и продуцент се јавува членот на Управен одбор и има склучено преддоговор за финансирање со директорот на Агенцијата за филм, постои забрана согласно член 32 став (1) од Законот за филмската дејност во однос на реализацијата на проектот, поради извршување на функција член на Управниот одбор на Агенцијата, по што настанува состојба на судир на интереси.
Во однос на вториот проект за кој има аплицирано на Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2023 година, преку Друштвото за филмска продукција, каде истиот се јавува како сопственик, применлива е забраната од член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
**Имено, правно лице каде член на Управен одбор на Агенцијата за филм се јавува како сопственик поради тоа што е именувано лице од страна на Владата на Република Северна Македонија, не може да користи грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.**

**Претседател**
**Татјана Димитровска**